[redacted]

Здружение за заштита на работничките права
ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип
Бр. 07-4/1
05.04 2021 год.

( Образец ПП……)

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 07.04.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 1005-404/1 | | | |

**До:** Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]“ со седиште на ул. [redacted] Тел: [redacted] / е-маил: [redacted] или [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] на [redacted]„[redacted].
Моб: +389 [redacted] е-маил: [redacted] или [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Годишен извештај за работењето на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за последните 5 години, односно од периодот 2015 до 2021 година, кој извештај, Државната комисија е должна според Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е должна да го изготвува секоја година и најдоцна до март да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- **г) електронски запис**
- д) друго: на начинот на кој бараните информации се на располагање, доколку електронски, би сакале така да ги добиеме на маил, или фотокопии, исто така прикачени на маил. Ако не дозволуваат можностите, може да ни ги испратите и по пошта, само и во тој случај би ве замолиле за известување по маил.

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго: електронски на маил: [redacted] и/или

[redacted]

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Штип, 05.04.2021 година .**

[redacted]

(доколку барањет[redacted]на форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, P.O.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Република Северна Македонија
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

21.04 2021

**Архивски број:** 1005-404/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен позитивно ќе одговори на Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] застапувано од застапник/полномошник [redacted] со нивни број 07-4/1 од 05.04.2021 година.
2. Бараната информација ќе биде доставена на начин како што е наведено во барањето за пристап до информации од јавен карактер.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

[redacted] застапувана од застапник/полномошник [redacted] ( во понатамошниот текст: Здружение) достави барање за пристап до информации од јавен карактер со нивни број 07-4/1 од 05.04.2021 година и истото е заведено во Државната комисија под број 1005-404/1.

Во самото барање е наведено дека [redacted] од Државната комисија како имател на барањето побарува да му се достави Годишен извештај за работењето на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за последните 5 години, односно од периодот 2015 до 2021 година, кој извештај, Државната комисија е должна според Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен да го изготвува секоја година и најдоцна до март да го достави до Собранието на РСМ.


Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

Начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е во фотокопија и по електронски пат, а начинот на доставување по пошта и по е- маил.

Постапувајќи по поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија донесе одлука позитивно да одговори на доставеното барање и бараната информација до подносителот ќе биде доставена на начин како што е наведено во самото барање за пристап до информации од јавен карактер, односно самото барање ќе биде доставено во фотокопија и електронски запис, а доставата ќе биде преку пошта и по пат на е-маил.

Притоа, до барателот на информацијата ќе го достави Годишниот извештај за работата на комисијата за 2015 година, 2016 година, 2017 година, 2018 година и 2019 година. Годишниот извештај за работењето на комисијата за 2020 година не може да го доставиме од причина што постапката по истиот се уште е во тек, односно истиот се уште не е усвоен од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Државната комисијата при постапување по барањето за пристап до информации од јавен карактер го имаше предвид член 20 став 1 од законот, каде е наведено дека ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение.

Исто така, во член 21 став 1 од законот е предвидено дека имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

При постапување по барањето, Државната комисија го имаше предвид и член 6 од законот каде се наведени исклучоците од слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова